Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 61/0306
01.04 20 24 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 29.02.2024 година, врз основа на примена жалба од Здружението Дело ја донесе следнава:

# МИСЛЕЊЕ

## ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА

**Текстот со наслов „Бугарија сними филм за Мара Бунева: Според Договорот за добрососедство ние ќе треба да добиеме дозвола од нив ако сакаме да снимиме за лик од македонската историја“, објавен во порталот Република.мк, отстапува од професионалните и етичките стандарди.**

## ЖАЛБА

Здружението Дело на 25.01.2024 поднесе жалба до СЕММ, при што се наведува дека со објавениот текст во Република со наслов „Бугарија сними филм за Мара Бунева: Според Договорот за добрососедство ние ќе треба да добиеме дозвола од нив ако сакаме да снимиме за лик од македонската историја“, се известува невистинито, односно содржината на текстот не е точна, односно станува збор за шпекулација.

Исто така, се наведува дека насловот на текстот е искористен да поттикне говор на омраза, насилство, дискриминација по основ на национална основа врз бугарскиот народ, односно дека интернет порталот не го почитувал, ниту го протолкувал Законот за ратификација на Договорот за пријателство, добрососедство и соработка меѓу Република Македонија и Република Бугарија. Притоа се наведува дел од Договорот, при што е цитиран ставот 6 од членот 11 од истиот документ.

Здружението смета дека станува збор за повеќе прекршени членови од Кодексот и ги спомeнува 1, 5, 10, 11...., членови кои се однесуваат од утврдување на фактите во текстот, до почитување на културните и националните различности во Македонија.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Одговор од медиумот не е добиен во СЕММ до крајниот рок до кога пропишува Правилникот за работа на Комисијата за жалби на СЕММ.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека при СЕММ утврди дека со објавениот текст на медиумот Република.мк прекршен е Член 1 од Кодексот на новинари на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

Комисијата го разгледа оспорениот текст, при што најпрво констатираше дека станува збор за агенциска вест, која е редакциски обработена во насловот и во последниот пасус на крајот од веста.

Притоа, Комисијата се согласи со ставот на жалителот дека текстот отстапува од професионалните и етичките стандарди во еден член од Кодексот, односно дека е прекршен Членот 1, односно не се утврдени фактите, бидејќи во билатералниот документ, Договорот меѓу Р. Македонија и Р. Бугарија не се наведуваат такви одредби, за какви што се тврди во текстот.

Комисијата го разгледа Договорот и единствена точка која би била најблиску до тврдењето на медиумот е член 11, став 6 кој гласи:
Двете Договорни страни ќе преземаат ефикасни мерки за спречување на недобронамерна пропаганда од страна на институции и агенции и ќе обесхрабруваат дејности на приватни субјекти, насочени кон поттикнување на насилство, омраза или други слични дејствија, кои би им наштетиле на нивните односи.

Но, факт е дека досега во праксата немало такво однесување – македонската влада, на пример, повикувајќи се на овој член да забрани снимање на некое филмско дело или да преземе некаков друг цензорски чекор, со што би се оправдало тврдењето на медиумот.

Комисијата оцени дека веста е обработена со погрешен наслов и погрешен цитат на крајот од текстот. Комисијата, сепак, не смета дека се прекршен и други членови на Кодексот, особено не член 10, кој забранува дискриминаторски говор по повеќе различни основи, па оттука не ни може да се претпостави, а камо ли да се тврди, дека намерата на медиумот била да шири говор на омраза кон бугарскиот народ.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595